РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА
ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
Број 15-169/4
Датум 19.04.2011 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09 и 115/10), Одборот за акредитација на 38 седница одржана на 18.04.2011 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**со кое се акредитира Елаборатот за организирање тригодишни студии, прв циклус, студиска програма со два модула : Компјутерски мрежи и комуникации и Софтверско инженерство, програмирање и мултимедија на Факултетот за информатика на Европскиот универзитет – Република Македонија во Скопје**

1. Се акредитира нова студиска програма од првиот циклус на Факултетот за информатика по **Компјутерски мрежи и комуникации и Софтверско инженерство, програмирање и мултимедија** на Европскиот универзитетот во Скопје, согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се дава за студиска програма за прв циклус на професионални студии на Факултетот за информатика, во траење од три години (шест семестри).

3. По завршените студии на првиот циклус, студентот се стекнува со назив: **Дипломиран информатичар,** научно истражувачко подрачје: техничко-технолошки науки,Научно истражувачко поле: информатика, математика, компјутерска техника и информатика, научна област:Софтверско инженерство, програмирање и мултимедија.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Европскиот универзитетот Република Македонија во Скопје, по претходно донесената одлука на Наставно научниот совет за давање согласност за организирање на прв циклус на студии (професионални), како и Одлуката за усвојување на студиските програми од Сенатот на Евроскиот унивезитетот, поднесе Елаборат за акредитација на студиска програма бр.15-169/1 од 23.12.2010 година до Одборот за акредитација на

високото образование за прифаќање и акредитација на студии од првиот циклус студиска програма на Факултетот за информатика.

Одборот за акредитација на својата 34 седница одржана на 27.01.2011 година формира експертска комисија и на 38. седница одржана на 18.04.2011 година, врз основа доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**ОДБОРОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ,**
**проф. д-р Михаил Петковски**